Врз основа на член 85-а став (3) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија” бр. 241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 290/20, 85/21 и 274/22), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕКНУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ОД СТРАНА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИОТ ДОХОД ОД УДЕЛИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на годишниот извештај за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица и годишниот извештај за остварениот доход од удели во инвестициски фонд.

Член 2

Годишниот извештај за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица се изготвува на образец „ДЛД-ГИ/ЦД” во А-4 формат, на хартија во бела боја. Формата и содржината на образецот на извештајот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Годишниот извештај за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица се поднесува до органот за јавни приходи преку системот „е-Персонален данок“ од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност.

Член 4

Годишниот извештај за остварениот доход од удели во инвестициски фонд се изготвува на образец „ДЛД-ГИ/ДУИФ” во А-4 формат, на хартија во бела боја. Формата и содржината на образецот на извештајот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Годишниот извештај за остварениот доход од удели во инвестициски фонд се поднесува до органот за јавни приходи преку системот „е-Персонален данок“ од страна на друштвата за управување со инвестициски фондови.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-8902/1 29
декември 2023 година

Министер за финансии, Скопје
д-р. Fatmir Besimi, с.р.